Информативно гласило на Град

# Скопје

СЕПТЕМВРИ 2015 ГОДИНА

Бесплатен примерок



## КАТНАТА ГАРАЖА „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ“ РЕШЕНИЕ ЗА ПРОБЛЕМИТЕ СО ПАРКИРАЊЕТО ВО ЦЕНТАРОТ



# КАТНАТА ГАРАЖА „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ“
## РЕШЕНИЕ ЗА ПРОБЛЕМИТЕ СО ПАРКИРАЊЕТО ВО ЦЕНТАРОТ




Како дел од заложбите за решавање на проблемот со паркирањето во центарот, на улицата Даме Груев Градот Скопје изгради модерна катна гаража - катната гаража „Тодор Александров“. Овој современ објект што обезбедува јавен паркинг за 604 лесни возила, вклучувајќи и паркинг-места за лица со посебни потреби, како и паркинг за 120 велосипеди, беше свечено отворен на 8 Септември.

- Ми претставува особена чест што токму денеска, на Денот на независноста на Република Македонија – 8.Септември, и официјално ја отвораме новоизградената катна гаража „Тодор Александров“. Објектот е висок 23 метри, има бруто развиена површина од 29.183 квадратни метри, како и приземје, 7 ката над земја и две нивоа под земја. На приземјето и на првиот кат се предвидени само деловни простории, а другите катови се исклучиво наменети за паркирање. Влезот

во катната гаража за лесните моторни возила е од североисточната страна на објектот, преку подземната улица која води до првото подземно ниво на гаражата. Излезот од гаражата е од првото подземно ниво преку подземната улица, на југоисточната страна на објектот, директно на улицата Даме Груев. Движењето на возилата по катови се одвива преку спирална рампа. На секој кат е изведена остава и тоалети за посетителите, вклучувајќи и тоалет за лицата со посебни потреби. Паркингот за велосипеди е сместен во клунот на објектот, а до него се пристапува директно преку посебен лифт, како и преку 3-те патнички лифтови што се наменети за посетителите – рече градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на свеченото отворање на катната гаража „Тодор Александров“.

Трајановски додаде дека катната гаража „Тодор Александров“ е опремена со најсовремени и најквалитетни системи за откривање и јавување на слободни паркинг-места; систем за наплата на паркирањето; видеонадзор со 87 камери и контролна соба; систем за противпожарна заштита; систем за откривање и јавување на $CO_2$ и гас; систем за заштита од атмосферски празнења, како и систем за климатизација и вентилација.

- Фасадата на објектот е покриена со ламинирано сигурносно стакло. Просторот околу гаражата е партерно уреден. Проектот за катната гаража на улицата Даме Груев е на Градежниот институт „Македонија“ АД Скопје. Катната гаража ја изградија градежниците на „Бетон“ АД Скопје, а Градот Скопје за овој значаен зафат издвои околу 780 милиони денари. Со новата катна гаража „Тодор Александров“ ќе стопанисува ЈП „Градски паркинг“, а паркирањето ќе чини 30 денари за час – нагласи градоначалникот Трајановски.

Претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, истакна дека му претставува особено задоволство што токму на 8.Септември свечено е отворена катната гаража „Тодор Александров“.

Верувам дека овој нов објект ќе ги реши долгогодишните проблеми со паркирањето во центарот на градот и дека ќе го користат и околните жители и посетителите на Скопје – истакна премиерот Груевски.











*Се гради атмосферска канализација на улицата Боца Иванова*

# ПОПЛАВУВАЊЕТО НА ПОДВОЗНИКОТ ВО БУТЕЛ ЌЕ СТАНЕ МИНАТО



За да се овозможи непречено одведување на атмосферските води и за да се спречи поплавувањето на подвозникот во Бутел екипи на Градот Скопје градат нова атмосферска канализација по должината на улицата Боца Иванова, на потегот од реката Серава до кружниот тек во Бутел, како и по дел од улицата Александар Урдаревски, од кружниот тек до улицата Душко Поповиќ.

- Изградбата на оваа атмосферска канализација ќе ги реши долгогодишните проблеми со одведувањето на атмосферските води од овој дел од градот, кои се слеваа на најниската точка и го поплавуваа подвозникот во Бутел. Овој потег е еден од „црните точки“ во градот коишто се поплавуваа и при пороjните дождови од минатото лето и предизвикуваа големи проблеми за околните жители на улиците Боца Иванова и Александар Урдаревски, како и прекин во одвивањето на сообраќајот кон населбите Бутел и Радишани. Во текот на градежните работи за изградба на атмосферска канализација на улицата Боца Иванова, на потегот од реката Серава до кружниот тек, на терен ќе се направи ископ и ќе се поставаат вибропресувани бетонски цевки со профил од 1.200 милиметри на должина од 782 метри. Градежните работи ќе се одвиваат по јужната страна од улицата, при што на оваа делница ќе се воведе привремен сообраќаен режим. Во текот на градежните работи за изградба на атмосферска канализација на дел од улицата Александар Урдаревски, на потегот од кружниот тек до улицата Душко Поповиќ, ќе се поставаат цевки со профил од 1.000 милиметри, на должина од 131 метар. Градежните работи ќе се одвиваат по западната страна од коловозот, при што на оваа делница ќе се воведе привремен сообраќаен режим. На изградба на новата атмосферска канализација ќе работат екипите на градежната компанија „Карпош АД Скопје“, а градежните работи треба да завршат за околу 6 месеци. За овој проект Градот Скопје ќе потроши околу 34 милиони денари – рече градоначалникот Коце Трајановски, на стартот на градежните работи на новата атмосферска канализација, на 11 август.






Во Градот Скопје се работи на подготовката и на втората фаза од проектот за изградба на нова атмосферска канализација во овој дел од градот што треба да опфати изградба на атмосферска канализација по улицата Александар Урдаревски, на потегот од улицата Душко Поповиќ до улицата Бутелска, како и по дел од улицата Бутелска до раскрсницата со улицата Марко Крале.

# ШУТО ОРИЗАРИ ЌЕ ДОБИЕ НОВ ВОДОВОДЕН СИСТЕМ





Изградбата на новиот водоснабдителен систем за општината Шуто Оризари е во тек. Деновиве интензивно се гради резервоарот на улицата Гвадалахара, како и пумпната станица кај поранешната фабрика на АД „ТИПО“ на булеварот Словенија. Изградбата на новиот систем за водоснабдување во општината Шуто Оризари почна на 29 јуни годинава, а почетокот на градежните работи го означија градоначалникот Коце Трајановски, претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, заменик-претседателот на Владата и министер за финансии, Зоран Ставрески, градоначалникот на Општина Шуто Оризари, Елвис Бајрам, пратеникот во Собранието на Република Македонија, Амди Бајрам и претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева.

- Со години снабдувањето со вода претставуваше горлив проблем за повеќе од 30.000 жители на општината Шуто Оризари. Со изградбата на овој нов систем за водоснабдување ќе се решат децениските проблеми со водоснабдувањето во населбите Шуто Оризари и дел од Скопје Север. За новиот водоснабдителен систем ќе се изгради резервоар од 4.350 кубни метри во близина на постојните резервоари на ЈП „Водовод и канализација“ на улицата Гвадалахара; пумпна станица кај поранешната фабрика на АД „ТИПО“ на булеварот Словенија и цевковод со должина од 2,3 километри и профил од 500 милиметри кој ќе води од пумпната станица, па по улиците Шуто Оризари, Виничка, Че Гевара, Плачковица и Бутелски венец. Пумпната станица ќе се поврзе на градската доводна линија Ф 1.600 од изворот Рашче. Изградбата на водоводот во општината Шуто Оризари претставува заеднички проект на Градот Скопје, ЈП „Водовод и канализација“ и Општина Шуто Оризари – рече градоначалникот Коце Трајановски.

Претседателот на Владата, Никола Груевски, изјави дека ова е уште еден во низата инфраструктурни проекти кои се реализираат на територијата на општина Шуто Оризари, со цел подобрување на квалитетот на животот на жителите на оваа општина.

Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 182.367.800 денари со вклучен ДДВ. Во финансирањето на овој проект Градот Скопје ќе учествува со 43,7 насто од средствата, односно со 79,7 милиони денари; ЈП „Водовод и канализација“, исто така, со 43,7 насто, односно 79,7 милиони денари, а Општина Шуто Оризари ќе учествува со 12,6 насто, односно со 22,9 милиони денари од потребните финансиски средства.

Градот Скопје финансиските средства ќе ги обезбеди по пат на долгорочен домашен под-заем во рамките на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, додека ЈП „Водовод и канализација“ финансиските средства ќе ги обезбеди од сопствени извори.

На изградба на новиот водоснабдителен систем во Шуто Оризари ќе работат екипите на градежната компанија „Хидрострој ЈСЦ“ од Бугарија, а градежните работи се очекува да завршат наесен, 2016 година.

*Проширена уште една значајна сообраќајница во центарот на градот*

# ТРИ ЛЕНТИ ЗА УЛИЦАТА ЈОРДАН МИЈАЛКОВ

Градоначалникот Коце Трајановски и претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, на 12 јули годинава и официјално ја отворија за сообраќај улицата Јордан Мијалков, која во изминатиот период се проширувaше и реконструираше на потегот од крстосницата со улицата Герман до пред раскрсницата со улицата Павел Шатев.

- Со проширувањето, оваа претходно тесна и нефункционална улица доби три сообраќајни ленти со ширина од по 3,25 метри на должина од 750 метри, сервисна коловозна лента со паркинг широка 6 метри и долга 200 метри и тротоар покриен со бекатон-плочки. Реконструкцијата на






улицата Јордан Мијалков беше искористена за да се постави нова атмосферска канализација, а се изврши и реконструкција на постојната водоводна (Ф200) и фекална (Ф300) мрежа. На проширување и реконструкција на улицата Јордан Мијалков работеа екипите на градежната компанија „Пелагонија“ од Гостивар. Градот Скопје за градежните работи на оваа сообраќајница вложи околу 43 милиони денари со ДДВ. Новопроширената улица ја осветлуваат 19 столбови за осветлување на кои се поставени 32 светилки. На осветлувањето на улицата Јордан Мијалков работеа екипите на „Дигитал“ ДОО Струмица, а Градот Скопје за овој зафат потроши околу 2 милиона денари. Со тоа, вкупната вредност на проектот за проширување и реконструкција на улицата Јордан Мијалков, на потегот од крстосницата со улицата Герман до пред раскрсницата со улицата Павел Шатев изнесува околу 45 милиони денари. Проширувањето на улицата Јордан Мијалков во голема мера ќе придонесе за растоварување на сообраќајниот метеж од центарот на градот кон Кисела Вода и ќе се скрати времето на патување од Карпош кон Кисела Вода и кон Аеродром - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на официјалното отворање за сообраќај на оваа значајна сообраќајница.

Премиерот Никола Груевски пред присутните потенцираше дека проширувањето на оваа улица е значаен зафат и е дел од еден голем план со чија реализација ќе се овозможи да се растовари сообраќајот во овој дел на градот.









*Се проширува уште едно тесно сообраќајно грло*

# УЛИЦАТА МАЏАРИ В ГОДИНА ЌЕ ДОБИЕ ЧЕТИРИ ЛЕНТИ







Улицата Маџари во општината Гази Баба в година ќе добие четири сообраќајни ленти на потегот од крстосницата со улицата Јужноморавски бригади до улицата Палмиро Тољати, во должина од 666 метри. Градежните работи за проширување и реконструкција на оваа делница коишто почнаа на 18 јуни се одвиваат според предвидената динамика.

- Со проширувањето, оваа тесна и нефункционална улица ќе добие 4 сообраќајни ленти со ширина од по 3,25 метри, по две ленти во секоја насока, и нови тротоари покриени со бекатон-плочки. Од левата страна на улицата Маџари, гледано кон надвозникот, ќе се формира велосипедска патека со ширина од 3 метри и пешачка патека со ширина од 1,5 метри. Од десната страна на оваа улица ќе се формира пешачка патека со ширина од 2 метра. На новопроширената делница ќе се постави и ново улично осветлување. Градежните работи за проширување на улицата Маџари на овој потег ќе се искористат за да се постави нова атмосферска канализација од раскрсницата на улицата Јужноморавски бригади со улицата Методија Андонов Ченто до надвозникот во Маџари, којашто ќе го реши долгогодишниот проблем со одведувањето на атмосферските води. На вкупна должина од 929 метри ќе се постават полипропиленски цевки со профил од 200, 800 и 1.000 милиметри - рече градоначалникот Коце Трајановски, на почетокот на градежните работи за проширување на улицата Маџари.

Претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, пред присутните нагласи дека улицата Маџари е многу фреквентна улица на која се наоѓаат многу институции и дека со нејзиното проширување ќе се подобри сообраќајот во овој дел на градот.

Проектот за проширување и реконструкција на улицата Маџари ќе се реализира во две фази. На проширување на оваа прва фаза од улицата Маџари, на потегот од крстосницата со улицата Јужноморавски бригади до улицата Палмиро Тољати и на атмосферската канализација ќе работат екипите на градежната компанија „Бауер БГ“. Градот Скопје за овој обемен проект ќе вложи околу 52 милиона денари.

Додека траат градежните работи на улицата Маџари е воведен привремен сообраќаен режим. Градот Скопје апелира до сите учесници во сообраќајот да ја почитуваат поставената патна сигнализација и да ја приспособат брзината на движење на условите на патот.

# НОВ АСФАЛТ ЗА ДЕЛ ОД УЛИЦАТА КЕМАЛ СЕЈФУЛА








Улицата Кемал Сејфула наскоро ќе добие нов асфалт, на потегот од крстосницата со улиците Ферид Бајрам и Втора македонска бригада до крстосницата со улицата Босна и Херцеговина.

- Станува збор за реконструкција на коловозот на дел од улицата Кемал Сејфула на потег со вкупна должина од 375 метри. Оваа реконструкција претставува продолжување на проектот за обнова на оваа улица што Градот Скопје го реализираше во 2010 година, кога улицата беше реконструирана на потегот од крстосницата со булеварот Џон Кенеди до крстосницата со улиците Втора македонска бригада и Ферид Бајрам. Сега, во текот на градежните работи на оваа делница од улицата Кемал Сејфула ќе се отстрани постојниот оштетен асфалт, ќе се нивелираат 22 шахти и сливници, ќе се заменат оштетените рабници, каде што ќе се јави потреба ќе се засили и носечкиот слој, а потоа на коловозот ќе се нанесе нов асфалтен слој и ќе се обележи хоризонталната сигнализација – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Реконструкцијата на оваа улица во голема мера ќе придонесе да се зголеми безбедноста во одвивањето на сообраќајот во овој дел од градот.

Градежните работи за реконструкција на оваа делница од улицата Кемал Сејфула ќе ги изведуваат екипите на градежната компанија „ЈУ БАЈ". Градот Скопје за овој зафат ќе вложи околу 4,5 милиони денари.

# СЕ ОБНОВУВА КОЛОВОЗОТ И НА БУЛЕВАРОТ ЈАНЕ САНДАНСКИ



Екипите на Градот Скопје деновиве го реконструираат коловозот на булеварот Јане Сандански, на потегот од катната гаража „Илинден“ до крстосницата со улицата Васко Карангелевски.

- Овој проект е продолжување на проектот за реконструкција на булеварот Јане Сандански што Градот Скопје го реализира во 2012 година, кога овој булевар доби нов асфалт на потегот од крстосницата со булеварот Србија до крстосницата кај катната гаража „Илинден“. Сега, во текот на градежните работи на булеварот Јане Сандански ќе се отстрани постојниот оштетен асфалтен слој на должина од 475 метри, ќе се нивелираат 37 шахти и сливници, ќе се заменат оштетените рабници, на местата каде што ќе се јави потреба ќе се обнови и носечкиот слој, по што на коловозот ќе се нанесе нов асфалтен слој Сплит Мастикс од еруптивно потекло на површина од околу 9.000 квадратни метри. Во текот на градежните работи ќе се обнови дел и од велосипедската патека од двете страни на булеварот – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

На втората фаза од проектот за реконструкција на коловозот на булеварот Јане Сандански работат градежниците на компанијата „Ескаватори – МК“. Градот Скопје за овој зафат ќе потроши околу 17,2 милиони денари.





# СЕ ПРОШИРУВА РАСКРСНИЦАТА НА УЛИЦИТЕ БЛАГОЈА СТЕФКОВСКИ И ЖАН ЖОРЕС

Градежните работи за проширување на раскрсницата на улиците Благоја Стефковски и Жан Жорес, во населбата Маџари, општина Гази Баба, се во тек.

- Оваа раскрсница со години претставува црна сообраќајна точка на која секојдневно се создава голем сообраќаен метеж и се формираат колони возила, особено при вртењето во лево кон населбата Ченто. Сега, улицата Благоја Стефковски при влегувањето во крстосницата ќе се прошири и ќе се формира посебна лента за вртење во лево и посебна лента за движење право, од двете страни на крстосницата. Новопроширениот коловоз во раскрсницата ќе биде на површина од околу 1.200 квадратни метри. Со овој проект, ќе се овозможи растоварување на сообраќајот на оваа крстосница, ќе се скрати времето на патување и ќе се придонесе за заштита на животната средина. На проширување на раскрсницата на улиците Благоја Стефковски и Жан Жорес, во населбата Маџари, ќе работат екипите на ЈП „Улици и патишта", а за реализација на овој проект Градот Скопје ќе одвои околу 4,5 милиони денари. Градежните работи се очекува да завршат за околу 2 месеца. Апелирам до граѓаните да покажат трпение додека траат градежните работи на оваа крстосница и да ја приспособат брзината на движење на условите на патот –вели градоначалникот Коце Трајановски.





Во текот на градежните работи за проширување на крстосницата меѓу улиците Благоја Стефковски и Жан Жорес на терен се прави ископ и се вградува тампонски слој, по што новопроширениот коловоз ќе се асфалтира и ќе се обележи хоризонталната сигнализација.

По проширувањето на крстосницата ќе се уредат и тротоарите.

„СКОПЈЕ"
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ" излезе на 10 декември 2008 година

**Уредува**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

www.skopje.gov.mk

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
Булевар Илинден 82

**Телефон**
02 3297 255

**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн и печат**
Нампрес, Скопје

# НОВ ПЛОШТАД СЕ ГРАДИ ПРЕД ЦРКВАТА „ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“

Екипи на Градот Скопје интензивно работат на проектот за оформување плоштад пред црквата „Пресвета Богородица”, на просторот на постојната улица Димитар Влахов, на потегот од булеварот Филип втори македонски до булеварот Крсте Мисирков, на вкупна површина од 5.500 квадратни метри. Со овој проект, улицата Димитар Влахов ќе стане пешачка зона. Површината ќе се покрие со гранитни коцки, а потоа, на новоформираниот плоштад ќе се постават клупи, корпи за отпадоци и две чешмички за пиење вода.

На плоштадот ќе се постави и ново осветлување. За да се овозможи пристап на возилата за итни случаи, на влезот во плоштадот ќе се постават хидраулични метални столпчиња.

Кејскиот ѕид, пак, ќе се обложи со бел мермер, а потоа на него ќе се монтира ограда од варено железо, во висина од 75 сантиметри.

Градежните работи на терен ги изведува градежната компанија „Урбанинвест“. Градот Скопје за реализација на проектот за оформување плоштад пред црквата „Пресвета Богородица” ќе одвои околу 34,3 милиони денари со ДДВ.









# НОВАТА ФОНТАНА АТРАКЦИЈА НА ПЛОШТАДОТ „МАКЕДОНИЈА“

Сместена на просторот меѓу фонтаната „Воин на коњ“ и влезот во Камениот мост новата површинска фонтана на плоштадот „Македонија“ е вистинска атракција.

Станува збор за површинска, таканаречена сува фонтана со правоаголна форма и со димензии 20 на 10 метри и вкопано армирано-бетонско корито. Површината врз армирано-бетонското корито е изработена од светлосиви гранитни плочи со димензии 60 на 60 сантиметри и дебелина од 10 сантиметри.

На плочите од фонтаната се поставени ЛЕД светилки со отвори за вградување млазник. Фонтаната ја сочинуваат 128 млазници со 128 светилки, како и 16 ламинарни параболични прскалки. Визуелниот ефект на фонтаната се постигнува со игра на млазевите, а навечер и со игра на светлата.

Водата што прска од млазниците понира меѓу плочите и се враќа во системот.





*Воведен нов систем за наплата на билетите во јавниот превоз*

# ЗАМЕНЕТЕ ГИ ХАРТИЕНИТЕ БИЛЕТИ



Градот Скопје од 1 септември воведе нов систем за наплата на билетите во автобусите на ЈСП. До 31.12.2015 година новиот начин на наплата ќе функционира пробно, а дотогаш граѓаните ќе треба да ги заменат старите хартиени билети и слободните автобуски карти со нови електронски картички. Веќе од 01.01.2016 година старите хартиени билети, слободните карти и плаќањето во кеш ќе заминат во историјата и во автобусите на јавниот градски превоз ќе може да се користат само новите електронски картички. Почнувајќи од 01.01.2016 година, со новите електронски картички граѓаните ќе може да се возат и во автобусите на ЈСП и во автобусите на приватните превозници, зашто кон овој систем ќе се приклучат и приватните превозници.

- До 31.12.2015 година паралелно ќе функционираат и новиот и стариот систем за наплата на возните билети, односно, во автобусите на јавниот превоз ќе се користат и хартиените билети и слободните карти и новите електронски картички. Но, веќе од 1 јануари 2016 година, во автобусите ќе се применува само новиот систем на наплата, кој што ќе понуди големи придобивки и за граѓаните и за превозниците – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Повеќе информации за системот за електронска наплата во ЈСП и начинот на функционирање на новите картички граѓаните може да добијат на интернет порталот www.skopska.mk, како и на бесплатната телефонска линија 0 800 15 115.

## ПОСТОЈАТ ДВА ТИПА КАРТИЧКИ

Постојат 2 типа на електронски картички, и тоа Персонализирана електронска картичка и Неперсонализирана електронска картичка, или поедноставно кажано, картичка која содржи податоци и фотографија од патникот и картичка која не содржи податоци за патникот. **Доколку сакате да поседувате ученички, студентски, пензионерски, старосен или месечен билет за вработени, тогаш неопходно е да извадите персонализирана картичка.** Персонализирана картичка може да купите и кога сакате картичката да ја надополнувате и прегледувате преку WEB апликација. Ако персонализираната картичка се загуби, постои можност да се блокира и не може да ја користи друго лице, а средствата можат да ви бидат префрлени на друга картичка. Неперсонализираната картичка може да ја користат повеќе лица и таа има функција на семејна картичка. Доколку ја загубите, не е можно да се блокира и средствата кои се надополнети на неа не може да ви бидат рефундирани.

Паралелно со системот за електронска наплата, во возилата на ЈСП се имплементира и системот за автоматска локација на возилата, со кој ќе се овозможи да се следи движењето на секој од автобусите, од почетната до крајната станица. На автобуските стојалишта ќе се постават над 50 информациски дисплеи преку кои патниците ќе се информираат за времето на пристигнување на автобусите, а ќе бидат достапни и други комуникациски алатки за информирање, на пример, добивање информација преку СМС порака. Овој систем овозможува од контролен центар да се следат автобусите во реално време, дали се запазуваат пропишаните возни редови, се отвора можност за навремени корекции и намалување на времето на чекање во согласност со моменталните случувања во сообраќајот на градските улици, а ќе се добие и реална слика за бројот на превезени патници по категории, коридори, линии и автобуски постојки.

Системот за автоматска локација на возилата и за електронска наплата треба да биде инсталиран во вкупно 500 автобуси од јавниот градски превоз. Овој систем



# И СЛОБОДНИТЕ КАРТИ СО ЕЛЕКТРОНСКИ КАРТИЧКИ

## КАКО ДА НАБАВИТЕ ЕЛЕКТРОНСКА КАРТИЧКА



Персонализирана електронска картичка може да набавите во 8 инфо-центри на ЈСП сместени на различни локации во градот, и тоа: кај Транспортниот центар; во населбата Аеродром, во зградата наспроти Трговскиот центар „Бисер“; во просториите на ЈСП ТУРС на улицата Даме Груев; во населбата Карпош, на постојката наспроти хотелот „Карпош“; на Битпазар, на постојката кај хотелот „Султан“; во инфо-центарот кај Порта Влае; во дирекцијата на ЈСП во Автокоманда и во Автокоманда, на постојката кај Шумарскиот факултет. Осумте инфо-центри на ЈСП се видно означени со плакати во жолта боја, со натписот СКОПСКА.

Постапката за вадење Персонализирана електронска картичка е следна: доаѓате во Инфо центарот, се идентификувате и ги доставувате потребните документи доколку аплицирате за купување повластен билет; кажувате за каков билет аплицирате; операторот во инфо-центарот ги внесува вашите податоци во системот и ве фотографира; на специјален принтер се печати вашата картичка и по извршеното плаќање веќе имате подготвено персонализирана картичка на која е впишан билет. Постапката трае околу 2 минути.

Неперсонализирана електронска картичка може да набавите во осумте инфо-центри, потоа во 60 продажни места во градот, како и на 3 автомати за самостојно издавање и дополнување на картички кои наскоро ќе бидат поставени. Постапката е следна: купувате празна електронска картичка; празната електронска картичка ја надополнувате со одреден износ и со тоа вашата картичка добива функција на електронски паричник; надополнувањето не може да биде помало од 100 денари.




досега е инсталиран во вкупно 385 автобуси на ЈСП, а ќе биде инсталиран и во 115 автобуси на приватните превозници.

Проектот за воведување систем за автоматска локација на возилата и за електронска наплата е целосно финансиран од Градот Скопје и чини околу 3 милиони евра.

## ЕЛЕКТРОНСКА КАРТИЧКА И ЕЛЕКТРОНСКИ БИЛЕТ

Електронска картичка е пластична картичка со чип, слична на банкарските картички. Електронски билет, пак, е производот кој што е сместен на вашата електронска картичка, на пример месечен билет, билет за 10 возења, електронски паричник со можност за надолнување...

## ВАЛИДАТОР

Тоа е уредот со кој се чита картичката и тој се наоѓа на влезот во градскиот автобус. Секој патник е должен да ја валидира својата картичка при секое влегување во автобусот со што ќе се добијат податоци за протокот на патници во автобусите во секое време, на одделни станици и линии, со што ќе се овозможи усогласување на возните редови и обезбедување поквалитетен превоз за патниците.

## ВРЕМЕ НА ВАЛИДИРАЊЕ

Електронската картичка ја доближувате до валидаторот и за само 2 секунди системот проверува дали картичката е валидна или не (истечена, оштетена, без доволно кредит). Ако картичката е исправна валидаторот ќе сигнализира со зелено светло. Ако картичката е неисправна - валидаторот ќе свети црвено.

## ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ – 4 ДЕНА БЕСПЛАТЕН ПРЕВОЗ

Со воведувањето на новиот систем за електронска наплата во автобусите на ЈСП, повозрасните граѓани со навршени 62 години за жени и 64 години за мажи ќе треба да си извадат Персонализирана електронска картичка која при секое влегување во автобусите од јавниот превоз ќе треба да ја регистрираат на валидаторот. Вадењето персонализирана картичка ќе чини 200 денари.

Повозрасните граѓани и понатаму ќе може бесплатно да се возат во автобусите на ЈСП во вторник, петок, сабота и во недела.

# 35 ВЕЛОСИПЕДИ – ДОНАЦИЈА ОД АМСМ ЗА ГРАД СКОПЈЕ

Градоначалникот Коце Трајановски и директорот на ЈП „Градски паркинг“, Борче Јакимовски на 19 јуни примија донација од 35 велосипеди од Авто мото сојузот на Македонија - АМСМ.

- Сакам да изразам благодарност до Авто мото сојузот на Македонија за оваа донација на велосипеди, со која директно се вклучија во кампањата за подобрување на велосипедската инфраструктура и подигнување на јавната свест за велосипедот како превозно средство во Скопје. Овие 35 велосипеди, од кои 30 се велосипеди за возрасни, а 5 се за деца, се со вредност од околу 172.000 денари. Донираните велосипеди Градот Скопје ќе ги постави на пунктот за изнајмување велосипеди на ЈП „Градски паркинг“, пред катната гаража „Македонска фаланга“ – рече градоначалникот Коце Трајановски, при предавањето на донацијата.

Директорот на Авто мото сојузот на Македонија, Димитар Миновски, изјави дека овие велосипеди се добиени од проект од Светската сообраќајна асоцијација (ФИА), со што се вклучуваат во активностите на Град Скопје за промоција на велосипедот како превозно средство во Скопје.





*„Со велосипед на пат низ целиот град“*

# ГОЛЕМО ВЕЛОСИПЕДСКО ДЕФИЛЕ НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ

На 28 јуни на градските улици се одржа велосипедско дефиле што претставуваше завршна активност на проектот на Авто мото сојузот на Македонија „Со велосипед на пат низ целиот град“. Целта на овој проект е промоција на велосипедот како превозно средство, како и подигнување на свеста кај преостанатите учесници во сообраќајот дека и велосипедистите треба да бидат почитувани како рамноправни учесници во сообраќајот.

Велосипедското дефиле почна пред Порта Македонија и се движеше до просториите на АМСМ, па преку булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов до „Веро Тафталице“, по булеварот 8. Септември до „Ми-Да Моторс“, а потоа преку булеварот Илинден до крајната цел кај „Школка“ во Градскиот парк.

Овој проект е поддржан од Градот Скопје, а во велосипедското дефиле учествуваше и градоначалникот Коце Трајановски.

- Градот Скопје се вклучи во проектот „Со велосипед на пат низ целиот град“ зашто е во насока на промоција на велосипедот како превозно средство. Во рамките на овој проект, АМСМ на Градот Скопје, поточно на ЈП „Градски паркинг” му донираше 35 велосипеди, кои ќе им бидат достапни на граѓаните за изнајмување. Градот Скопје неодамна го промовира проектот „Скопје велоград 2017” и во наредниве неколку години интензивно ќе работиме на подобрување на велосипедската инфраструктура и целосно подобрување на условите за возење велосипед во Скопје – рече градоначалникот Трајановски.

Велосипедското дефиле заврши на „Школка“ во Градскиот парк, каде што се одржа музичка забава, а петмина среќни учесници во дефилето добија велосипеди „Max“.



*Во катната гаража „Македонска фаланга“*

# ОТВОРЕНА СТАНИЦА ЗА ПОЛНЕЊЕ ЕЛЕКТРИЧНИ ВОЗИЛА

Сопствениците на електромобили од 9 јули годинава можат да ја користат новата станица за полнење електрични возила, која е поставена на првиот кат во катната гаража „Македонска фаланга“, на улицата Свети Кирил и Методиј.

- Оваа станица е наменета за полнење на сите видови електромобили (автомобил, скутер, електровелосипед) и истата има два приклучоци за истовремено полнење со вкупна моќност од 22 kW по приклучок. Еден електроавтомобил целосно се полни за околу 30 минути, а со овие автомобили трошокот за возење на 100 километри изнесува околу 50 денари. Градот Скопје ќе продолжи со проекти со кои се унапредува електромобилноста и во наредниот период ќе биде набавено вакво возило за потребите на администрацијата на Град Скопје, а ќе продолжи и процесот на поставување вакви полначи на паркинзите на ЈП „Градски паркинг“ – рече градоначалникот Коце Трајановски, на официјалното отворање на станицата.

Со промоцијата на станицата за полнење електрични возила, ПроКредит Банка АД Скопје ги промовираше 5-те нови електромобили што ги набави за комерцијална употреба во секојдневното работење, со што стана првата компанија во Македонија што користи електромобили.

Градоначалникот Трајановски, за својот придонес во развојот и промоцијата на електромобилноста во Република Македонија, додели благодарници на:

- ПроКредит Банка АД Скопје (прва компанија во Македонија која има купено 5 електрични автомобили за комерцијална употреба во секојдневното работење)
- Ванчо Зрнцев (за возило „матиз“ преправено во електричен автомобил), и на
- Сашо Јовановски (за возило „чинквеченто“ преправено во електричен автомобил)

Станицата за полнење електрични возила во катната гаража „Македонска фаланга“ е прва од овој вид во Скопје.







# НОВ ЛИК ЗА ПАРКОТ НА ПРИРОДАТА „ГАЗИ БАБА“







Екипите на Градот Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ минатиот месец изградија две нови трим-патеки во Паркот на природата „Гази Баба“ и го уредија просторот со видиковци, урбана опрема и забавни содржини.

- Ми претставува особено задоволство што за само неколку месеци ова омилено катче за скопјани доби нов и уреден лик. Имено, екипите на ЈП „Улици и патишта“ изградија нова трим патека во Паркот на природата „Гази Баба“ којашто се протега од Природно-математичкиот факултет кон населбата Железара, од страната на Чаир. Патеката е долга 1.200 метри, а широка од 2,6 до 3 метри, во зависност од условите на теренот. Покриена е со бела ризла, а по нејзината должина се поставени 3 трим станици со фитнес елементи, рекреативен детски елемент, 15 комплети дрвени клупи со масички, чешма за вода и 4 видиковци. Дополнително, уредена е и уште една трим-патека со должина од околу 400 метри и ширина од 3 метри, којашто води од Природно-математичкиот факултет до поранешната градинка на Гази Баба. Оваа патека е покриена со асфалт и осветлена. За осветлување на оваа патека поставени се 31 столб за осветлување со висина од 5 метри и со 31 светилка со моќност од 50W. Поставени се и 4 столба со висина од 10 метри на кои се монтирани 4 рефлектори за осветлување на фудбалското и 2 рефлектора за осветлување на кошаркарското игралиште, со моќност од 250W. Екипите на ЈП „Паркови и зеленило“, пак, работеа на уредување на зеленилото и на поставување на рекреативните елементи. Уредувањето на Паркот на природата „Гази Баба“ ќе овозможи попријатни услови за престој на граѓаните во природа и ќе понуди нови содржини за одмор и рекреација. Во овој проект за уредување на Паркот на природата „Гази Баба“ Градот Скопје вложи околу 6,6 милиони денари или поточно, за изградба на двете трим-патеки потроши околу 3 милиони денари; за рекреативните елементи - околу милион денари; а за осветлувањето - 2,6 милиони денари – рече градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на новите трим-патеки во Паркот на природата „Гази Баба“, што се одржа на 10 август.

# УРЕДЕН ВТОРИОТ ДЕЛ НА ПАРКОТ „МАКЕДОНИЈА“







Вториот дел на Паркот „Македонија“, што се протега по должината на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, во јуни годинава нови нов и уреден лик.

- Во овој парк има зелена површина од околу 32 000 квадратни метри, којашто претходно беше запуштена и на која имаше тополи коишто беа стари и претставуваа опасност за минувачите и за рекреативците. Во рамките на паркот е оформена една трим патека со бела ризла и една асфалтирана патека со 48 клупи за седење, корпи за отпадоци и друга урбана опрема. Поставени се и 3 летниковци, а во еден од нив се поставени 4 мермерни шаховски табли. Во паркот има содржини наменети и за децата - поставени се детски реквизити направени од дрво, еко-реквизити во форма на замок, а на дел од трим патеката има и фитнес справи за вежбање. Во вториот дел на Паркот „Македонија“ е поставена и нова хидрантска мрежа со 192 прскалки со кои ќе се полева зеленилото, а наесен и напролет планираме да засадиме околу 800 садници, од кои околу 300 дрвја ќе бидат листопадни, а околу 500 зимзелени и тогаш паркот ќе го добие вистинскиот лик. За уредување на вториот дел од Паркот „Македонија“ од Буџетот на Градот Скопје се издвоени околу 15 милиони денари – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

На уредувањето на оваа нова зелена површина по должината на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов работеа екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ и на ЈП „Улици и патишта“.

За осветлување на новоуредената парковска површина, пак, се поставени 15 топлопоцинкувани столбови од по 6 метри, со по една декоративна светилка од 70 W, а на 4 постојни столба се поставени рефлектори за осветлување на попречните патеки. На поставување на осветлувањето во вториот дел од Паркот „Македонија“ работеа екипите на „ЕЛТРА ДООЕЛ Скопје“, а за реализација на овој дел од проектот Градот Скопје ќе одвои околу милион денари.



*На Водно*

# ОБНОВЕНА ПЛАНИНАРСКАТА ПАТЕКА „СЛОВЕНСКА“



Вљубениците во природата и планинарските спортови може да се рекреираат на обновената пешачко-планинарска патека „Словенска“, која во јуни годинава доби нов лик на потегот од полициската станица „Водно“ до Средно Водно. Патеката ја реконструираше Градот Скопје во соработка со Федерацијата на планинарски спортови и со ЈП „Паркови и зеленило“ за да ги подобри условите за спорт и рекреација во Скопје, да се зголеми безбедноста и пристапноста и за да ја приспособи патеката на европските и светски норми за пешачко-планинарски патеки.

Реконструираната патека почнува на 320 метри надморска височина, а завршува на паркингот на Средно Водно на 580 метри надморска височина. Висинската разлика од стартот до крајот на патеката е 260 метри надморска височина, со просечна косина од 12 проценти, вкупна должина од 2.100 метри и време на минување од 40 минути.

Во текот на реконструкцијата, на патеката се поставени 34 нови дрвени скали, а реконструирани и зазидани се 30 постојни скали.

За безбедно движење по патеката на три места е поставена заштитна ограда, со димензии 1 на 15 метри, 1 на 4 метри и 1 на 3 метри.

На патеката се поставени и седум нови патокази, четири инфо-табли, од кои две се на македонски, а две на англиски јазик (две на стартот кај паркингот кај улицата Тодор Александров, во близина на полициската станица и две на Средно Водно).

За подобра прегледност патеката е обележана со маркери со црвена и бела боја.





## ПОРИБЕНИ ВОДИТЕ НА ВАРДАР

Во организација на Град Скопје, ГЕФ (Глобален фонд за заштита на животната средина и природата), Институтот за сточарство-Одделението за рибарство и на Македонската риболовна федерација на 18 јуни во водите на реката Вардар, кај хотелот „Александар Палас“, беа пуштени 5.000 парчиња македонска ендемична пастрмка (Salmo macedonikus, Karaman, 1924).

Целта на проектот за порибување е да се овозможи заштита на македонската пастрмка и на вретенарот и да се зголеми бројноста на нивната популација во водите на Македонија.

# ПОМОШ ЗА ПОПЛАВЕНИТЕ ВО ТЕТОВСКИОТ РЕГИОН





По силното невреме и поплавите што минатиот месец го зафатија регионот на Тетово и околината Градот Скопје испрати тим за техничка помош и механизација за расчистување на последиците од надојдената вода. Уште ноќта на 4 август Градот Скопје испрати две цистерни за влечење вода и седум цистерни за носење вода од ЈП „Водовод и канализација" и ЈП „Комунална хигиена", три противпожарни возила опремени со моќни пумпи за испумпување вода, како и неколку моторни пумпи со голем капацитет за испумпување вода.

За Тетово замина и екипа од над 70 лица, составена од пожарникари од Противпожарната бригада на Град Скопје, членови на Штабот за заштита и спасување на Град Скопје, како и вработени во јавните претпријатија на Град Скопје. Екипите на Град Скопје ги расчистуваа наносите од кал на сообраќајниците во Тетово и во регионот, а ја чистеа и атмосферската и фекалната мрежа.

На терен беа и два помали багери кои се вклучија во расчистувањето на штетите во Мала Речица и во Шипковица, а на 6 август како дополнителна помош беа испратени уште 40 лица од ЈП „Комунална хигиена" кои беа распоредени да дејствуваат според потребите на терен.

Градоначалникот Коце Трајановски го посети Тетово, како и населените места Голема Речица, Мала Речица и Доброште, и ја следеше акцијата за расчистување на последиците од поплавите. Трајановски изрази сочувство до семејствата кои во оваа непогода ги загубија своите најблиски.

Советот на Град Скопје на 52-та седница што се одржа на 31 август донесе Одлука за давање помош на настраданите во поплавите во Тетово и околината. Со оваа одлука, Градот Скопје, како израз на солидарност, додели парична помош од три милиони денари.





*Годинава вложени 31,3 милиони денари за реконструкција на училишните објекти*

# НЕМА ПОВЕЌЕ АЗБЕСТНИ ПОК

За да се подобрат условите во кои учат средношколците, Градот Скопје во текот на овој летен распуст ги обнови и реконструира објектите на девет средни училишта што се во негова надлежност. Меѓу нив, беше заменет и стариот азбестен покрив на училишниот објект и на надворешната фискултурна сала на СУГС „Здравко Цветковски". Со тоа, Градот Скопје ги отстрани штетните азбестни покриви од сите средни училишта во негова надлежност, што претходно беа покриени со азбестни плочи.





ПРЕТХОДНО

- Ова лето градежни работи се изведуваа во девет средни училишта, а Град Скопје за реализација на овој проект од буџетот издвои околу 31,3 милиони денари. Во СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин" се заменуваа прозорците; во СУГС „Цветан Димов" се заменуваше столаријата и се обновија подовите во училишниот објект; СУГС „Панче Арсовски" доби нова фасада и покрив; во СУГС „Орце Николов" се работеше на реконструкција на прозорците; во СУГС „Никола Карев" се санираше покривот; во СУГС „Владо



ПОТОА

СУГС „Панче Арсовски"

# РИВИ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Тасевски" се реконструираа санитарните јазли; во СУГС „Браќа Миладиновци" и СУГС „Арсени Јовков" се реконструираше дворната површина на училиштето; а во СУГС „Здравко Цветковски" беше заменет стариот азбестен покрив на училишниот објект и на надворешната фискултурна сала и беа обновени паркетот, гардеробите и санитарните јазли во спортската сала. Во текот на изминатите години, односно од 2009 година до 2015 година, Градот Скопје за реконструкција и санација на средните училишта од Буџетот има издвоено околу 226 милиони денари, со што придонесовме значително да се подобрат условите за работа и на учениците и на наставниот кадар – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Од 21 средно училиште на Град Скопје, 9 училишта беа покриени со азбестно-цементни материјали. По извршените опсежни анализи и подготовки, во 2011 година Градот Скопје ги замени абестните покриви на СУГС „Георги Димитров", СУГС „Раде Јовчевски Корчагин и на СУГС Арсени Јовков. Во 2012 година се работеше на покривот во СУГС „Владо Тасевски" и во СУГС „8. Септември, а во 2013 година покривот беше сменет во СУГС „Јосип Броз Тито" и во СУГС „Цветан Димов". Во текот на летниот распуст во 2014 година, стариот азбестен покрив беше заменет во СУГС „Михајло Пупин" и во Интернатот „Здравко Цветковски", а ова лето се интервенираше и во СУГС „Здравко Цветковски".





Замена на стариот азбестен покрив на СУГС „Здравко Цветковски"





# СРЕДБА МЕЃУ ПРВИОТ И НАЈДОБРИТЕ

Градоначалникот Коце Трајановски на најдобрите 25 матуранти – првенци на генерацијата 2011/2015 година од 21 средно училиште од Скопје им додели признанија и парични награди, како дел од манифестацијата „Средба меѓу првиот и најдобрите", што на 18 јуни годинава се одржа во Македонскиот народен театар.

Добитници на наградите и признанијата се: Вељдет Џемаиљи од СУГС „Здравко Цветковски", Анастасија Миовска од СУГС „Марија Кири - Склодовска", Михаела Коваческа од СУГС „Јосип Броз Тито", Љупчо Миленковски од СУГС „Кочо Рацин", Нена Димитровска од СУГС „Георги Димитров", Мартин Киров од СУГС „Боро Петрушевски", Христина Димитровска од СУГС „Браќа Миладиновци", Мартина Бошковска од СУГС „Раде Јовчевски Корчагин", Филип Симоновски и Марио Пешевски од СУГС „Михајло Пупин", Јана Вранглоска од СУГС „Панче Арсовски", Мартин Илиовски од СУГС „Д-р Панче Караѓозов", Елена Мерџановска од СУГС „Орце Николов", Јасир Ислами од СУГС „Зеф Љуш Марку", Игор Каранфиловски и Николче Трајковски од СУГС „Лазар Танев", Синан Исмаили од СУГС „Арсени Јовков", Сара Грбевска од СУГС „Никола Карев", Андријана Велковска од СУГС „Владо Тасевски", Мими Спасовска и Драгица Димчевска од СУГС „Димитар Влахов", Хамит Зекири од СУГС „Цветан Димов", Дејан Лешниковски и Ерџан Ибраими од СУГС „8 Септември" и Еми Веселкоска од СУГС „Васил Антевски Дрен".

Програмата за доделувањето на признанијата беше збогатена со настап на квартетот флејти „Аулос", Сара Мејс и танчерската група од Танцовиот клуб „Ритам плус".

Најуспешните матуранти заминаа и на еднодневна наградна екскурзија наречена „По стапките на творците на градот" и ги посетија музеите и најзначајните споменици на културата во Скопје.




# НАГРАДЕНИ НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ

На 26 јуни годинава градоначалникот Коце Трајановски, во просториите на Културно-информативниот центар, им додели благодарници и награди на највисоко рангираните ученици на скопските регионални натпревари.

- Денеска, јавно го одбележуваме покажаното знаење на учениците кои беа дел од натпреварите по 12 наставни предмети организирани и спроведени од акредитирани здруженија за организирање натпревари по различни наставни предмети. Целта на натпреварите е продлабочување на знаењата на учениците во одредени научни дисциплини и поттикнување конструктивен натпревар меѓу учениците за постигнување повисоки образовни цели. Особено ми е мило што резултатите од натпреварите докажуваат дека нивото на знаењата кај учениците е високо – рече градоначалникот Трајановски, на доделувањето на наградите.

Градот Скопје оваа година за првпат реализира проект за поддршка на натпревари по повеќе наставни предмети кои се спроведувани од акредитирани здруженија за организација на натпревари во средните училишта на Град Скопје. За 55 највисоко рангирани ученици на скопските регионални натпревари беа доделени и парични награди во вредност од 4.000 денари.



# „СКОПСКО ЛЕТО 2015"

Годинешното 36. издание на „Скопско лето" кое се одржуваше од 21 јуни до 31 јули на вљубениците во културата и уметноста им понуди шеесетина програмски термини со концерти на класична, народна и џез музика, драмски, балетски и оперски претстави, изложби и филмски проекции, специјални проекти и премиери, на дваесетина различни сцени и отворени локации во градот.

Скопје повеќе од еден месец пулсираше во ритамот на творечкиот немир и креативноста на домашните уметници, а беше домаќин и на безмалку 200 уметници од 18 странски држави, од Јапонија и Израел, преку Бугарија, Грција, Србија, Словенија, Унгарија, Германија и Холандија до САД и Аргентина.

Манифестацијата „Скопско лето" која е препознатлив културен белег на нашиот град почна на 20 јуни со балетската претстава „Заспани убавици" и со изложбата „Просторна екстензија на уметноста". Крајот на овој фестивал го означи концертот „Сувенири од музички патувања" на Камерниот оркестар на Музичката младина на Македонија (МММ), во Сули Ан.





Оваа традиционална градска културна манифестација се одржа под покровителство на Градот Скопје и Министерството за култура на Република Македонија.

# ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ ОД ИЗРАЕЛ И ОД МАКЕДОНИЈА

На 20 јули на платото пред Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија, а во рамките на „Скопско лето", беше отворена изложбата на фотографии на авторите Љупчо Благоевски од Македонија и Кери Харт од Израел, насловена како „An Israeli eye on Macedonia, a Macedonian eye on Israel". Изложбата се организира по повод одбележувањето на 20 години дипломатски односи на Република Македонија со Израел, а во соработка со Министерството за надворешни работи на РМ и Амбасадата на Израел во нашата земја.




Авторите Љупчо Благоевски и Кери Харт преку објективот на својот фотоапарат ја овековечиле и на присутните им ја прикажаа поврзаноста на вековната историја и сегашноста на двете земји.

# „ВИДИ МУЗИКА – СЛУШНИ СЛИКА – ДОБИЈ КНИГА“ 2015





На 23 јуни годинава во Градскиот парк Младинскиот културен центар и Македонската филхармонија го реализираа осмото издание на традиционалната манифестација „ВИДИ МУЗИКА – СЛУШНИ СЛИКА – ДОБИЈ КНИГА“.

Организаторите го претставија фасцинантниот проект „Бродвеј под ѕвездите“ кој во една вечер пред публиката ги донесе вокалните и инструменталните хитови од најпознатите филмувани мјузикли, како „Валкан танц“, „Телохранител“, „Чикаго“, „Волшебникот од Оз“, „Кралот и Јас“, „Ох, Кеј“, „Мала ноќна музика“, композиции кои одамна се сметаат за џез-стандарди на големите музички мајстори како Гершвин, Роџерс, Арлен, Хамерстајн или Сандхајм. Публиката имаше можност да ги слушне и увертирите „Кандид“ на Бернштајн и „Смешно лице“ на Гершвин, како и сплет од најпознатите хитови на легендарната шведска поп група „Абба“.

Македонската филхармонија настапи под диригентство на маестро Борјан Цанев, а солист на концертот беше популарната вокалистка Сара Костадиновска, која музичката публика ја познава како Сара Мејс.

Следејќи ја традицијата, и овој пат на огромни платна, инспирацијата од музиката ја пренесоа двајца ликовни уметници, сликарите Милан Андов и Стојан Ѓуриќ. На многубројната публика во Градскиот парк им беа поделени и 20.000 примероци од книгата „Фигури“ од новелистот и поет, Јан Неруда.

# ПРОДОЛЖУВА ОДЛИЧНАТА СОРАБОТКА МЕЃУ СКОПЈЕ И НИРНБЕРГ



Делегација на Градот Скопје, предводена од заменик-градоначалникот Борче Георгиевски, на 2 јули годинава оствари средба со делегација од збратимениот град Нирнберг, предводена од заменик-градоначалникот на Нирнберг, Кристијан Фогел. На средбата беше истакната долгогодишната плодна соработка меѓу двата града, најинтензивна во областа на културата, образованието, спортот и противпожарната заштита.

Делегацијата од збратимениот град Нирнберг во Скопје пристигна на 1 јули со првиот лет од нововоспоставената авионска директна линија меѓу двата града. На аеродромот „Александар Велики“ делегацијата од Нирнберг ја пречека Секретарот на Град Скопје, Марјанчо Тодоровски.



- Сакам да ја искористам оваа прилика да ги поканам граѓаните на Нирнберг и Германија да ги искористат новите економични директни авионски линии и да го посетат Скопје и Македонија и подобро да се запознаат со нашата држава и нашиот главен град, култура, традиција и знаменитости - изјави Тодоровски.

# МЕЃУНАРОДЕН МЛАДИНСКИ ТУРНИР ВО РАКОМЕТ 2015





Петтиот по ред Меѓународен младински турнир во ракомет во сала „Скопје 2015“ се одржуваше од 13 до 19 август во спортската сала „Расадник“ во Кисела Вода и во спортската сала на СУГС „Кочо Рацин“ во Ѓорче Петров.

На овој ракометен турнир силите ги одмерија 20 екипи од Македонија, Србија и од Црна Гора, во машка и во женска конкуренција, кои ги постигнаа следните резултати:

- Најдобра во генерацијата 2000 година и помлади (мажи) беше екипата на РК „МЕТАЛУРГ“ СКОПЈЕ.
- Најдобра во генерацијата 1998 година и помлади (мажи) беше екипата на РК „МЕТАЛУРГ“ СКОПЈЕ, а
- Најдобра во генерацијата 1998 година и помлади (жени) беше екипата на РК „БАР“ – БАР

Организатор на Меѓународниот младински турнир во ракомет во сала „Скопје 2015“ е Ракометниот клуб „Работнички“ од Скопје. Градот Скопје е покровител на турнирот и финансиски ја поддржува неговата организација со 70 000 денари.

# „СКОПЈЕ КУП 2015“

Од 5 до 11 август на повеќе терени во Скопје се играа натпреварите од вториот по ред Меѓународен младински турнир во фудбал во машка конкуренција „Скопје Куп 2015“. Годинава на турнирот учествуваа 32 екипи од Македонија, Албанија Србија, Хрватска и Бугарија со фудбалери родени 1999 година и помлади и 2001 година и помлади.





Во овој турнир, најдобра во генерацијата 2001 година и помлади беше екипата на ФК Партизан – Белград, а најдобра во генерацијата 1999 година и помлади беше, исто така, екипата на ФК Партизан – Белград.

Меѓународниот младински турнир во фудбал „Скопје Куп 2015“ го организираше Здружението „Скопје куп“ и Фудбалската федерација на Македонија. Градот Скопје организацијата на овој турнир ја поддржа со 100 000 денари.

# МЕДАЛИ ЗА НАЈДОБРИТЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ „САТЕЛИТ"



Одбојкарската двојка Косиак/Рудол од Полска триумфираше на шестиот Меѓународен турнир во одбојка на песок „САТЕЛИТ СКОПЈЕ 2015" во машка конкуренција што на терените на Градската плажа „Парк" се играше од 19 до 23 август. На второто место на овој турнир се пласираше двојката Коцилианос/Зупанис од Грција, а третото место го освои одбојкарската двојка Коелкорен/Ван Вале од Белгија.

- Ми претставува големо задоволство што во Скопје и во Република Македонија за првпат се одржува одбојкарски турнир од ваков висок ранг. Овој турнир годинава за првпат се најде на европската мапа за одбојка на плажа и влезе во календарот на Европската одбојкарска конфедерација (CEV), како сателит турнир. Во изминативе 4 дена имавме можност да ги погледнеме настапите на најдобрите одбојкарски двојки од 20 земји од Европа, и тоа од Белгија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Чешка, Данска, Англија, Германија, Грција, Унгарија, Италија, Летонија, Норвешка, Полска, Русија, Сан Марино, Србија, Швајцарија, Турција и домаќинот Македонија. Сакам да се заблагодарам на Одбојкарската федерација на Македонија за одличната организација, како и на спонзорите од Македонски телеком, Скопска пивара, Систина и секако, на Црвениот крст на Град Скопје. Се надевам дека следната година



# НИОТ ТУРНИР ВО ОДБОЈКА НА ПЕСОК СКОПЈЕ 2015“




ќе имаме чест да организираме сателит турнир во одбојка на песок и во женска конкуренција - истакна градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, кој по одигрувањето на финалниот меч на 23 август ги доделии медалите за освоено прво место на турнирот „САТЕЛИТ СКОПЈЕ 2015“.

Медалите за освоено второ место ги доделија претседателот на Одбојкарската федерација на Македонија, Петар Јовановски и директорот на агенцијата за млади и спорт, Марјан Спасески, а медалите за трето место ги додели









Претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева.

Меѓународниот турнир во одбојка на песок „САТЕЛИТ СКОПЈЕ 2015“ се играше пред полни трибини. Наградниот фонд на турнирот изнесува 8.000 евра. Градот Скопје финансиски ја поддржа организацијата на ова големо спортско случување со 800.000 денари и со логистичка поддршка од градските јавни претпријатија.

*Одбележани 52 години од катастрофалниот земјотрес*

# ИЗЛОЖБА „СКОПЈЕ 1963

По повод одбележувањето на 52-годишнината од скопскиот земјотрес на 26 јули во Музејот на град Скопје беше отворена изложбата „Скопје 1963 - пред и потоа".

- Од колективната меморија на скопјани не е избришан 26 јули 1963 година. Скопје се сеќава на неколкуте минути во коишто жителите на нашата престолнина ја почувствуваа уривачката моќ на природата. И по 52 години од најтрагичните мигови од поблиското минато, во многу скопски семејства неизбришливи се сеќавањата на катастрофалниот земјотрес и





на 1.070-те загубени животи. Во татнежот на земјотресот илјадници семејства ги загубија своите домови, а сериозно беа оштетени и објекти од јавен каратер, како што беа стариот театар и Офицерскиот дом. Веста за пустошот што го остави катастрофалниот земјотрес бргу се прошири во светската јавност, а хуманоста на светот не изостана. Набргу по трагедијата, во нашиот град се состанаа Истокот и Западот со цел да ја ублажат болката и страдањата на скопјани. Ние и денес сме благодарни за првата помош што им беше дадена на нашите сограѓани што останаа без основни услови за цивилизиран живот, но и за изградбата на неколку градски населби како долгорочно решение за станбените потреби на скопјани. Скопје денес е познат како град на солидарноста, секако најмногу поради хуманитарниот ангажман на државите од Европа и од светот, но и затоа што скопјани заедно со жители од другите македонски градови, неуморно беа ангажирани во давањето непосредна помош на загрозените, но и во изградбата на еден речиси нов и модерен град. Во изминативе педесетина години ентузијазмот во развојот и изградбата не е смален и затоа Скопје решително се движи кон идеалот да стане современа престолнина - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на отворањето на изложбата.

Трајановски додаде дека имајќи предвид дека низ својата долга историја Скопје имал неколку нови почетоци и секогаш скопјани упорно работеле на опстојувањето и градењето на родниот град, дожност е на оваа и на сите идни градски управи да придонесат за функционалноста и естетиката на градот во којшто живеат и работат стотици илјади жители на Скопје.

На изложбата „Скопје 1963 - пред и потоа" преку избор на фотографии беше прикажано централното градско подрачје на Скопје пред земјотресот и потоа, и неговиот развој до осумдесетите години на минатиот век. Прикажаните фотографии



# - ПРЕД И ПОТОА“

се направени за изложба реализирана во Музејот на град Скопје во осумдесетите години на 20.век, наречена „Напоредни фотографии на Скопје“, како и фотографии од Киро Георгиевски, користени за изложбата „Старо Скопје“, реализирана во Музејот во 1993 година.

Посебен додаток на изложбата беше донацијата на семејството Битољану на документарни фотографии од фотографот Томислав Петернек, снимени непосредно по земјотресот, за време на неговиот престој во Скопје. Томислав Петернек е еден од најпознатите фотографи од Србија, кој се занимава со новинска, применета, рекламна, модна и подводна фотографија. Повеќе години, односно до своето пензионирање бил уредник на фотографија во НИН, а од 1993 година работи како слободен уметник. Добитник е на голем број домашни и меѓународни признанија. Живее и работи во Белград, Србија.

На изложбата „Скопје 1963 - пред и потоа“ присуствуваа и Претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева и Амбасадорот на Руската федерација во Република Македонија, Олег Шчербак.



## ЦВЕЌЕ ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ЗАГИНАТИТЕ

На 26 јули, на градските гробишта во Бутел, официјални делегации и претставници на институции положија цвеќиња пред Споменикот на загинатите во земјотресот што се случи пред 52 години.

Цвеќиња во спомен на жртвите во катастрофалниот скопски земјотрес положи и официјална делегација на Градот Скопје, составена од градоначалникот Коце Трајановски и Претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева, делегација на Владата на Република Македонија, делегација на Собранието на Република Македонија, делегација на Советот на Град Скопје, делегација од Министерството за одбрана на РМ, како и делегации од политичките партии, од сите општини на Град Скопје, од дипломатскиот кор во Македонија, здруженија на граѓани и други организации.

Цвеќе положија и делегации на јавните претпријатија и културните установи на Град Скопје и членовите на Црвениот крст, како и припадници на други јавни институции од земјава оддавајќи им почит на загинатите во катастрофалниот земјотрес од 1963 година.





## ТРАДИЦИОНАЛНА КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА

Сто и четиринаесет хумани граѓани даруваа крв во традиционалната крводарителска акција што на 26 јули се одржа во Дневниот центар за дарување крв на Црвениот крст на град Скопје, во ДХО „Даре Џамбаз“.

Црвениот крст на град Скопје оваа крводарителна акција ја организира како дел од активностите за одбележување на годишнината од катастрофалниот скопски земјотрес. Во оваа акција хуманите граѓани имаат можност да даруваат крв и да спасат нечиј живот.




Нов систем за наплата на билетите во јавниот превоз